SONY

Екран за глава

# Упатство за почеток



Пред употреба, погледнете и во „Здравствени мерки за претпазливост“ и „Мерки за претпазливост“ во „Упатство со препораки“.

HMZ-T3W

Печатено користејќи мастило базирано на масло без VOC (Volatile Organic Compound - Испарливо органско соединение).

© 2013 Sony Corporation

4-471-975-**11**(1) (MK)

## 1 Поврзување

### Подгответе ги следните ставки што се вклучени во кутијата.



Уред за глава и единица за батерија (1)



Процесна единица (1)



Слушалки (1)



Кабел за HDMI (1)



Кабел за микро-USB (1)



Адаптер за напојување со наизменична струја (мал) (AC-UD10) (1)



Адаптер за напојување со наизменична струја (голем) (AC-L200D) (1)

Кабел за напојување со наизменична струја (главен вод) (2)

### Пред употреба, сменете ја батеријата.

Полнењето започнува кога малиот адаптер и кабелот за напојување со наизменична струја се поврзани на единицата за батерија.
Индикаторот ⏻ (напојување) свети портокалово додека се полни и се исклучува кога полнењето е завршено.




**Совети**

- Можете да го користите системот додека се полни, кога кабелот за напојување со наизменична струја е поврзан на изворот за напојување.
- Кога системот е исклучен, потребни се околу 5 часа за целосно да се наполни батеријата.

### 1 Поврзете ги опремата за репродуцирање и телевизорот на процесната единица.

Може да гледате видео преку опремата за репродуцирање на телевизорот со поврзување на телевизорот со процесната единица со кабел за HDMI со голема брзина.
Во тој случај поставете го „HDMI pass-through“ во „General Setup“ на „On“.

**Забелешка**

- Преносот преку HDMI не овозможува истовремена репродукција на видео на уредот за глава и на телевизорот.




### 2 Поврзете слушалки.

Поврзете го миниприклучокот на слушалките во приклучокот за слушалки.



### 3 Поврзете ги големиот адаптер и кабелот за напојување со наизменична струја на процесната единица.




### 4 Вклучете го системот.

1. Вклучете ја процесната единица.
2. Вклучете го уредот за глава.




### 5 Вклучете ја опремата за репродуцирање.

### 6 Изберете влез.

Притиснете го копчето INPUT на процесорската единица за да го изберете влезот за изворната опрема. Индикаторот HDMI INPUT на избраниот влез ќе свети портокалово.




### 7 Прилагодете ја ориентацијата на единицата за батерија и потврдете дека индикаторот WIRELESS свети сино.

**Забелешки**

- Радиобрановите може да не се примаат правилно, зависно од ориентацијата на единицата за батерија. Користете ја единицата за батерија со логото на SONY свртено нагоре.
- Користете на места каде што нема пречки меѓу процесната единица и единицата за батерија.




Продолжува во 2 Прилагодување и носење

# 2 Прилагодување и носење

## За удобно местење




A Поддржете го уредот со челото и на двете места на тилот на главата.
B Да не се потпира на носот.
C Прилагодете го уредот така што екраните се наоѓаат пред вашите очи.
D Поставете ја единицата за батерија во стабилна положба.

Ако носите очила или контактни леќи, носете ги и за време на употребата (со исклучок на очила за читање). Гледањето со очила со двоен фокус може да не даде најдобар ефект.



### 1 Подигнете ги горната лента за глава и поддржувачот за чело.

Положбата на поддржувачот за чело може да се прилагодува.
Најниската положба е стандардна.




### 2 Извлечете ги лентите на горната и долната лента за глава.

Држете го копчето на горната страна на секој прилагодувач и извлечете ја лентата на десната страна.



### 3 Ставете го уредот за глава на главата.

Наместете ја долната лента за глава на основата на главата.





### 4 Разлабавете ги лентите за глава и прилагодете ја положбата на уредот за глава.

Ставете ја лентата во прилагодувачот на горната и долната лента за глава за да го прилагодите уредот за глава.
Внимателно прилагодете го уредот на левата и десната страна, горе и долу, за да ја најдете најдобрата позиција за гледање на центрите на екраните.



### 5 Затегнете ги лентите за глава безбедно.

### 6 Ставете ги слушалките.

**Кога носите очила или ви е потребно дополнително прилагодување**
Погледнете во „Местење на уредот за глава" во „Упатството со препораки".

# 3 Поставување и приказ

Следете ги упатствата што се прикажани на екранот за работа.



### 1 Изберете јазик за приказ (само првиот пат).

Притиснете го копчето ▲/▼ за да изберете јазик и притиснете го копчето MENU или копчето ▶.






Екран




### 2 Прилагодете го растојанието меѓу леќите.



Лизгајте го прилагодувачот за растојание на секоја од леќите додека не ги видите јасно и двата екрани.
По прилагодувањето, притиснете го копчето MENU или копчето ▶.

**Совети**

- Ако после прилагодувањето на растојанието меѓу леќите не можете јасно да го видите екранот, започнете повторно од „2 Прилагодување и носење".
- Ако прилагодувањето е тешко, обидете се со лизгање на двата прилагодувачи кон централната позиција пред прилагодувањето.

Сите три ознаки „I" се пресекуваат со хоризонталната линија.





Една или повеќе ознаки „I" не се пресекуваат со хоризонталната линија.





### 3 Проверете го прилагодувањето на приказот.

Потврдете дека трите ознаки „I" се пресекуваат со хоризонталната линија, а потоа притиснете го копчето MENU или копчето ▶.Прифатливо е ознаките „I" и хоризонталната линија да се сечат на друго место, не само во центарот на екранот.

**Забелешка**

- Ознаките „I" и хоризонталната линија не се сечат ако е изместена положбата на уредот за глава. Повторно прилагодете ја должината на лентата за глава и потврдете ја положбата, според „2 Прилагодување и носење" и „② Прилагодување на растојанието меѓу леќите". Дури и ако една од ознаките „I" и хоризонталната линија не се сечат, погледнете во „Потврда на порамнувањето на екраните" од „Упатството со препораки".

### 4 Следете ги упатствата што се прикажани на екранот.

Погледнете ги информациите на екранот за работа.

### 5 Ракувајте со опремата за репродуцирање.

Сликата се појавува на екранот на уредот за глава.

**Совети**

- Прилагодете ја јачината на звукот користејќи го копчето VOL +/– на уредот за глава.
- Корисно е да се чува далечинскиот управувач за опремата за репродуцирање при рака.
- Некои функции на опремата за репродуцирање може да се контролираат од системов. За детали, погледнете во „Control for HDMI" во „Општо поставување" во „Упатството со препораки".

## Решавање на проблемите со нерепродуцирање аудио, видео или 3D-содржини



1. Вклучете ги процесната единица и уредот за глава.
2. Исклучете ја опремата за репродуцирање, а потоа повторно вклучете ја.
   Ако опремата за репродуцирање е PlayStation®3, исклучете ја, а потоа држете го копчето за напојување на PlayStation®3 барем 5 секунди (додека не слушнете друг краток звук) за да ја рестартирате.

„PlayStation" е регистриран заштитен знак на Sony Computer Entertainment Inc.